**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА**

**Упатството за употреба содржи:**

1.Што претставува **Oligogal® Se/Олигогал® Se** и за што се употребува
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Oligogal® Se/Олигогал® Se**
3.Како да го земате/ употребувате **Oligogal® Se/Олигогал® Se**
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Oligogal® Se/Олигогал® Se**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

**OLIGOGAL® Se / ОЛИГОГАЛ ® Se**
**капсула**
Дополнителен извор на селен и витамини А,Ц и Е

**1. Што претставува Oligogal® Se/Олигогал® Se и за што се употребува**

**Oligogal® Se/Олигогал® Se** содржи селен во комбинација со витамините: А, Ц и Е.

Селен е есенцијален олигоелемент, неопходен за нормално функционирање на организмот. Поради честа дефицитарност во ланецот на исхрана, селенот во недоволна количина се внесува во организмот. Биохемиската улога на селенот и витамините А, Ц и Е како составен дел на системот за одбрана на организмот од оксидативни оштетувања, се состои од регулација на биолошки оксидо-редуктивни процеси. На тој начин се одржува природна рамнотежа во организмот и допринесува за можно забавување на процесот на стареење.Во услови на изложеност на стрес, токсични и други штетни агенси (делување на тешки метали, UV и јонизирачко зрачење, смог, пушење, прекумерно конзумирање на алкохол), селенот и витамините А, Ц и Е имаат антиоксидативно и заштитно дејство.

Самиот селен има заштитен ефект во непосреден допир со штетните агенси (на пример олово, жива, кадмиум) внесени во организмот. Докажано е дека недостатокот на селен во храната доведува до низа заболувања, првенствено на кардиоваскуларниот и локомоторниот систем, со намалување на општата отпорност и физиолошките активности на целиот организам.

**Oligogal® Se/Олигогал® Se** може да се користи кај:
- недостаток на селен
- воспалителни процеси
- респираторни нарушувања
- оштетувања на црниот дроб и видот.

Селенот допринесува за нормална функција на штитната жлезда.
Селен, витамин А и Ц допринесуваат за нормална функција на имуниот систем.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

18

**2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Oligogal® Se/Олигогал® Se**
**Немојте да го земате/употребувате Oligogal® Se/Олигогал® Se:**
**Oligogal® Se/Олигогал® Se** капсулите не смеат да ги користат лица пречувствителни на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Oligogal® Se/Олигогал® Se**
Производот не е наменет за деца под 6 години.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени,планирате бременост или доите,пред да почнете да го земате граничниот производ ,посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**
Примената на **Oligogal® Se/Олигогал® Se** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**3.Како да го земате/употребувате Oligogal® Se/Олигогал® Se**
Возрасни: 1 капсула дневно.
Препорачаната дневна доза не смее да се надмине.
Граничните производи не може да се користат како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Oligogal® Se/Олигогал® Se**
Ако приметите било какви несакани дејства,Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Oligogal® Se/Олигогал® Se**
Да се чува на температура до 25°C во оригиналното пакување, на суво и темно место.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**
Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**
**Состав на граничен производ**

| Состав | 1 капсула | %НРВ* | 100 g производ |
|---|---|---|---|
| Селен | 100 μg | 182 | 28,1 mg |
| Витамин Ц | 90 mg | 113 | 25,3 g |
| Витамин Е | 41 mg TE | 342 | 11,5 g |
| Витамин А | 450 μg RE | 56 | 126,4 mg |

*НРВ- нутритивна референтна вредност

Состојки: DL- α- токоферолацетат, L-аскорбинска киселина, желатин, средство за зголемување на волуменот:микрокристална целулоза, ретинил ацетат, средство против згрутчување: талк, боја Е171, средство против згрутчување: силициум диоксид, стабилизатор: магнезиум стеарат, натриум селенит, боја Е172, Е131.

**Изглед на граничен производ и пакување**
Тврди, желатински капсули N°1, со млечно бело тело и непровидно зелено капаче, полнети со прашок со бела до жолто-бела боја.
Кутија со упатство и 3 блистери(Al/PVC-PVC) со по 10 капсули.

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје,Р.С. Македонија,
Бул.Кочо Рацин 14

**Производител:**
Галеника а.д. Београд , Батајнички друм б.б. 11 080 Белград, Република Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**